**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Бр. 03-23

Скопје 31.12.2021 г.

Почитувана

Преку електронска пошта испративте Претставка (наш УПП бр.03-23 од 23.12.2021 година) со забелешки кои, пред сè, се однесуваат на квалитетот на програмите на националните телевизиски сервиси. Според содржината, Вашиот допис општо претставува осврт и размислување на добронамерна граѓанка, загрижена за програмскиот квалитет, за понудата и за други прашања од работата на радиодифузерите. Агенцијата (АВМУ), како независно регулаторно тело, ја цени Вашата реакција, свесни сме за забелешките, кои впрочем и самите ги констатираме со надзорите и истражувањата што ги спроведуваме, а за кои даваме и стратешки насоки за надминување.

Вашите наводи и забелешки детално и внимателно ги разгледавме и сакаме да Ве запознаеме со следното:

- Радиодифузерите се самостојни, независни и одговорни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика согласно член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Во конкретниов случај, тоа значи дека Агенцијата не смее да влијае врз начинот на кој тие го вршат изборот на програмите што ги вклучуваат во својата програмска шема се додека го почитуваат Законот;
- Застапеноста на квалитетни и на образовни содржини кај комерцијалните радиодифузери е мала, оти законската обврска за емитување ваков вид програми ја има само Јавниот радиодифузен сервис - Македонска радиотелевизија, додека за останатите тоа е пред сè професионална и морална обврска. За жал, се чини дека во овој момент тие не успеваат сосема да ја согледаат полезноста што емитувањето ваква програма би го имала за нивниот комерцијален интерес;
- Што се однесува до потеклото на аудиовизуелните дела (вклучувајќи ги и сериите), постојат законски обврски за емитување европски аудиовизуелни дела, што Агенцијата ги следи, а за тоа има донесено посебен Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти. Дефиницијата „европски аудиовизуелни дела" ги покрива оние програми кои потекнуваат од држави членки на Европската Унија, од трети европски држави потписнички на Конвенцијата за прекугранична телевизија на Советот на Европа или се произведени во рамки на договори кои се однесуваат на аудиовизуелниот сектор, склучени меѓу ЕУ и трети земји, што значи дека и сериите продуцирани во Турција ги исполнуваат критериумите да влезат во оваа квота;
- Во поглед на Вашата забелешка околу должината на рекламите и телешопингот и начинот на кој се рекламираат некои производи, би сакале да Ве информираме за следново. Членот 100 од ЗААВМУ пропишува дека времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

програмите на комерцијалните радиодифузери, не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час. Освен кусите телешопинг спотови, членот 99 од ЗААВМУ дефинира дека постојат и телешопинг прозорци кои мора да имаат непрекинато времетраење од минимум 15 минути и мора да бидат јасно означени и издвоени од програмата со оптички и звучни средства. Телешопингот исклучува медицински производи кои се предмет на авторизација за маркетинг, како и на медицински третмани, и неговото емитување подлежи на ограничување во програми за деца, верски служби или проповеди и на програмите на непрофитните радија. Радиодифузерите се придржуваат до овие обврски;

- За да обезбеди повеќекратна заштита на гледачите од прекумерна изложеност на рекламирање и од нечесни комерцијални практики, АВМУ донесе *Упатство за примена на одредбите за пласирање производи*, во кое се пропишува дека програмите во чие дејство се вклучени производи и услуги треба да бидат соодветно означени за да не ја заведуваат јавноста во поглед на својата природа (достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Upatstvo_za_plasiranje_proizvodi.pdf), *Правилник за спонзорство*, со кој се операционализираат законските правила за спонзорство (достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Pravilnik_za_sponzorstvo.pdf), како и *Правилник за нови рекламни техники* со кој се регулира и рекламирањето на поделен екран (достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Pravilnik_za_novi_reklamni_tehniki.pdf);
- Годинава, АВМУ и Агенцијата за храна и ветеринарство потпишаа Меморандум за соработка, во врска со рекламирањето, телешопингот, пласирањето производи и спонзорството за храна и додатоци во исхрана во програмите на радијата и телевизиите, особено во поглед на здравствените и нутритивни тврдења, за намалување на ризикот од болест и за измамите поврзани со храна. Овој проактивен пристап на агенциите е поттикнат со цел да се заштитат здравјето и интересите на потрошувачите и граѓаните да имаат можност да направат личен и правилен избор врз основа на вистинити и чесни информации. Имајќи ја предвид ранливоста на најмладите, посебен фокус ќе биде ставен на аудио и аудиовизуелните комерцијални комуникации што се составен дел или ги придружуваат емисиите за деца, а кои содржат масти, заситени масни киселини, сол/натриум и шеќери, чие прекумерно внесување во вкупната исхрана не е препорачливо. Во рамките на оваа соработка, во моментов се преразгледуваат и рекламите на „Натура терапи".

Уште еднаш сакаме да Ви се заблагодариме за дописот и да Ве поттикнеме да ни доставувате Ваши забелешки на програмите како гледачка, без оглед на тоа која е Вашата професија. Во Агенцијата, реакциите од граѓаните ги цениме, ги сметаме за добредојдени, пожелни и значајни за нашето понатамошно работење. Со оглед дека дописот е пратен како Претставка до Агенцијата, следејќи ја нашата стандардна процедура, одговорот ќе го објавиме на нашиот веб сајт (со заштита на Вашите лични податоци) за, и радиодифузерите да бидат запознаени со содржината на Претставката.

Со почит,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ